# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА 2012 ГОДИНА

**Потрошувачка на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ во примарната здравствена заштита**

**Скопје, март 2013 година**

## СОДРЖИНА

**ВОВЕД** ........ 3

**1. Потрошувачката на лекови на товар на ФЗОМ во примарната здравствена заштита** ........ 4

**1.1. Потрошувачка на лекови во примарната здравствена заштита во 2012 година** ........ 8

1.1.1. Потрошувачка по број на рецепти и вкупни износи во 2012 година ........ 8

1.1.2. Потрошувачка на лекови на рецепт според АТК ниво во 2012 година ........ 11

1.1.3. Потрошувачка на Топ - 10 лекови по генерики по ФЗО Подрачни служби ........ 15

**1.2 Потрошувачка на скапи лекови во примарна здравствена заштита, 2010-2012 година** ........ 16

**1.3 Лекови за трансплантирани органи, 2010-2012 година** ........ 17

**1.4 Анализа на потрошувачката на лекови од АТК група J (антиинфективни лекови), 2008-2012 година** ........ 18

**ЗАКЛУЧОЦИ** ........ 20

## ВОВЕД

Согласно Законот за здравствено осигурување на Македонија во основни здравствени услуги кои ги обезбедува Фондот за здравствено осигурување на Македонија спаѓаат и лековите од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ која се однесува за примарна и болничка здравствена заштита.

Снабдувањето со лекови на товар на Фондот во здравствените установи на секундарно и терцијарно ниво на здравствена заштита се извршува директно од страна на здравствените установи или Министерството за здравство на РМ преку постапки за јавни набавки. Фондот согласно Законот за здрасвтвено осигурување е купувач на здравствените услуги во кои се вклучени и лековите.

Лековите од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ за примарна здравствена заштита кои имаат утврдена референтна цена се издаваат на рецепт за осигурениците и се обезбедуваат преку ПЗУ аптеки со кои Фондот има склучено договор. Од вкупно 377 лекови по генеричко име од примарната позитивна листа до 277 лекови се обезбедени без доплата за осигурениците, односно околу 73% од лековите за примарна здравствена заштите се обезбедени без доплата за осигурениците, што е највисок процент на вакви лекови досега. Сумарно, од 2009 година кога бројката на лекови по генерики без доплата била 20% од вкупниот број на лекови за ПЗЗ, во 2012 година бројката на лекови по генерики без доплата достигнува до 73%, односно се бележи раст од 53%.

Трендот на намалување на цените на лековите резултира со зголемување на бројот на лекови кои им се обезбедуваат на пациентите без доплата, а со тоа се овозможува поголема достапност на осигурениците со потребната терапија. Постои тенденција овој број да се зголемува и понатаму, со што ќе се намалува бројот на лекови со доплата.

### Споредба на лекови по заштитено име со референтна цена за ПЗЗ , со и без доплата




### Споредба на лекови по генеричко име со референтна цена за ПЗЗ, со и без доплата




Со утврдените референтни цени на лекови од позитивната листа за ПЗЗ, бројот на лекови без доплата кои ги обезбедува Фондот во 2012 година достигнал до 403 лековите по заштитено име (43% од вкупниот број лекови на рецепт).

Аптеките кои имаат склучено договор со Фондот до надлежната Подрачна служба на Фондот месечно доставуваат фактури за издадените лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот кои имаат референтна цена, во писмена и електронска форма заедно со пропратна документација согласно Договорот и Техничкото упатство на

Фондот за аптеките. Од месец мај 2012 година пуштен е во употреба нов унапреден модул за прием и електронска контрола на податоците добиени од ПЗУ аптеките во електронска форма. Со тоа контролата на аптеките и во овој дел значително е поедноставена и зајакната со што се добива и на квалитетот на податоците.

Процесот на анализа и контрола на податоците превземени во елктеронска форма од аптеките за потрошувачката на лековите на товар на ФЗОМ во примарна здравствена заштита интензивно почна да се применува од 2009 година и продолжи и во 2012 година, се со цел унапредување на системот на обезбедување лекови за сите осигуреници и почитување и спроведување на законските прописи и ефикасна алокација на финансиските ресурси со кои располага ФЗОМ.

## 1. Потрошувачката на лекови на товар на ФЗОМ во примарната здравствена заштита

Врз основа на податоците од аптеките со кои располага ФЗОМ се забележува дека од година во година постои тренд на зголемување на бројот на реализирани рецепти, а соодветно на тоа расте и вкупниот износ одвоен за лекови на товар на ФЗОМ во примарна здравствена заштита (Графикон 1 и 2). Ова е во согласност и со светските трендови за зголемување на консумацијата на лекови.

**Графикон 1. Приказ на порастот на бројот на реализирани рецепти за лекови во ПЗЗ (%), 2008 – 2012 година**




**Графикон 2. Приказ на порастот на вкупниот износ за лекови во ПЗЗ  (%), 2008 – 2012 година**




Од Графиконите 1 и 2 се забележува дека постои континуирано зголемување на бројот на реализирани  рецепти и вкупни износи одвоени за лекови во ПЗЗ, при што најголема разлика се забележува во периодот 2008-2009

година, односно во 2009 година во споредба со 2008 година има зголемување за околу 45% на бројот на реализирани рецепти и околу 39 % во однос на износите издвоени за лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот кои се применуваат во примарната здравствена заштита. Гледано за периодот 2008-2012 година, бројот на реализирани рецепти е зголемен за 70%, односно вкупниот износ за лекови издадени на рецепт во аптеките е зголемен за околу 51%.

Во Табелата 1 даден е приказ на бројот на реализирани рецепти за лекови издадени во ПЗУ аптеки кои имаат договор со Фондот и вкупните износи за периодот 2010-2012 година, од каде исто така може да се забележи континуираниот раст на употребата на лекови во последните 3 години.

**Табела 1. Приказ на број на реализирани рецепти и вкупни износи (денари) за период 2010-2012 година**

| | 2010 година | Индекс 2010/2011 | 2011 година | Индекс 2011/2012 | 2012 година |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на реализирани рецепти** | 15.277.792 | 106,90 | 16.332.551 | 107,06 | 17.485.146 |
| **Вкупен износ** | 1.778.028.785,00 | 107,02 | 1.902.841.544,00 | 104,75 | 1.993.189.875,00 |

Од Табелата 2 во која се прикажани бројот на реализирани рецепти и вкупни износи за лековите според Анатомско-Терапевтско-Хемиска класификација на лекови според СЗО, по АТК прво ниво за периодот 2010-2012 година се забележува дека во 2011 година во однос на 2010 година воглавно трендот на зголемување на бројот на реализирани рецепти продолжува и понатаму.

**Табела 2. Приказ на бројот на резлизирани рецепти и вкупни износи по АТК групи, прво ниво, 2010 – 2012 година**

| АТК група | | 2010 година | 2011 година | 2012 година | индекс 2010/2011 | индекс 2011/2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **A Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот** | Број на рецепти | 1.906.617 | 2.010.029 | 2.193.674 | 1,05 | 1,09 |
| | Вкупен износ (денари) | 201.551.058 | 172.641.475 | 185.460.968 | **0,86** | 1,07 |
| **B Лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи** | Број на рецепти | 153.383 | 162.285 | 182.676 | 1,06 | 1,13 |
| | Вкупен износ (денари) | 14.791.235 | 15.212.602 | 16.460.010 | 1,03 | 1,08 |
| **C Лекови кои делуваат на срце и крвни садови** | Број на рецепти | 6.199.052 | 6.758.383 | 7.363.886 | 1,09 | 1,09 |
| | Вкупен износ (денари) | 440.574.351 | 482.008.698 | 524.133.860 | 1,09 | 1,09 |
| **D Дерамтолошки лекови** | Број на рецепти | 159.929 | 166.147 | 190.598 | 1,04 | 1,15 |
| | Вкупен износ (денари) | 17.555.080 | 18.474.649 | 20.988.629 | 1,05 | 1,14 |
| **G Лекови кои делуваат на генитоуринарен тракт и полови хормони** | Број на рецепти | 436.193 | 475.498 | 514.569 | 1,09 | 1,08 |
| | Вкупен износ (денари) | 111.958.658 | 145.773.247 | 130.471.819 | 1,30 | **0,90** |
| **H Лекови со дејство на жлездите со внатрешно лачење со исклучок на полови хормони и инсулин** | Број на рецепти | 206.800 | 218.402 | 231.424 | 1,06 | 1,06 |
| | Вкупен износ (денари) | 30.486.185 | 29.760.356 | 27.486.158 | **0,98** | **0,92** |
| **J Антиинфективни лекови за системска употреба** | Број на рецепти | 1.996.959 | 2.032.989 | 1.940.130 | 1,02 | **0,95** |
| | Вкупен износ (денари) | 345.320.358 | 366.306.940 | 349.353.948 | 1,06 | **0,95** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **L Антинеопластични и имуномодулаторни лекови** | Број на рецепти | 50.168 | 51.539 | 53.685 | 1,03 | 1,04 |
| | Вкупен износ (денари) | 51.163.790 | 42.261.086 | 33.654.016 | **0,83** | **0,80** |
| **M Лекови со дејство на коскено мускулен систем** | Број на рецепти | 890.207 | 932.429 | 979.914 | 1,05 | 1,05 |
| | Вкупен износ (денари) | 89.485.152 | 83.355.225 | 91.946.335 | **0,93** | 1,10 |
| **N Лекови со дејство на ЦНС** | Број на рецепти | 2.290.966 | 2.459.083 | 2.689.451 | 1,07 | 1,09 |
| | Вкупен износ (денари) | 261.137.785 | 288.810.025 | 338.780.631 | 1,11 | 1,17 |
| **P Лекови за лекување на инфекции предизвикани со паразити** | Број на рецепти | 32.983 | 28.180 | 27.427 | **0,85** | **0,97** |
| | Вкупен износ (денари) | 2.578.384 | 2.455.956 | 2.281.076 | **0,95** | **0,93** |
| **R Лекови за третман на болести на респираторен систем** | Број на рецепти | 736.747 | 769.683 | 821.926 | 1,04 | 1,07 |
| | Вкупен износ (денари) | 171.485.495 | 211.306.481 | 223.586.175 | 1,23 | 1,06 |
| **S Лекови кои делуваат на сензорни органи** | Број на рецепти | 217.788 | 267.904 | 295.726 | 1,23 | 1,10 |
| | Вкупен износ (денари) | 39.941.254 | 44.474.805 | 48.571.805 | 1,11 | 1,09 |
| **V Останати лекови** | Број на рецепти | / | / | 60 | / | / |
| | Вкупен износ (денари) | / | / | 14.445 | / | / |
| | **Вкупно рецепти** | **15.277.792** | **16.332.551** | **17.485.146** | **1,07** | **1,07** |
| | **Вкупен износ (денари)** | **1.778.028.785** | **1.902.841.544** | **1.993.189.875** | **1,07** | **1,05** |

Од Табела 2 и Графикон 3 се забележува намалување на бројот на рецептите само за лекови од АТК групата P (лекови за инфекции предизвикани од паразити) каде индексот е за 0,15 помал во однос на 2010 година, односно 15% помалку реализирани рецепти. Намалување на потрошувачкта на оваа група лекови по број на реализирани рецепти продолжува и во 2012 година за проближно 3% во однос на 2011 година (индексот е намален за 0,03). АТК Групата J (антиинфективни лекови за системска употреба) во 2012 година бележи намалување за околу 5% (индексот е намален за 0,05) во однос на 2011 година во бројот на реализирани рецепти.

**Графикон 3. Број на реализирани рецепти во ПЗЗ, 2010-2012 година**




Во однос на вкупните износи за лекови на рецепт на товар на Фондот за здравствено осигурување во примарна здравствена заштита (Графикон 4), генерално се забележува зголемување на износите и во последните три

години. Кај некои АТК групи на лекови се забележува намалување на вкупните износи. Таков е случајот кај пет од вкупно тринаесет АТК групи на лекови, според податоците за 2012 година во однос на 2011 година, и тоа кај АТК група G има намалување на индексот е 0,1 (10%), за АТК групата H намалувањето е со инекс 0,08 (8%), за АТК групата J намалувањето е од 5% односно индексот е 0,05, за АТК групата L намалувањето на индексот е за 0,2 (20%) и за АТК групата P намалувањето е од 7%.

**Графикон 4. Вкупни износи за лекови на рецепт во ПЗЗ, 2010-2012 година**




Од анализата направена врз основа на потрошувачката на лекови на АТК прво ниво, во последните три години (2010 – 2012 година) најголемиот број рецепти се однесуваат на лекови од АТК групата C – лекови за кардиоваскуларниот систем (Графикон 3). За оваа група на лекови од година во година расте бројот на реализирани рецепти и тие се секогаш први по потрошувачката што е и светски тренд. Во 2012 година се рализирани околу 7,3 милиони рецепти за лековите од оваа група што претставува зголемување од околу 9% во однос на 2010 година, 9% зголемување на бројот на реализирани рецепти има и во 2012 година во однос на 2011 година. Оваа група на лекови од година во година бележат и поголемо учество во вкупно издадените лекови, во 2012 година од вкупниот број на реализирани рецепти 42% припаѓаат на групата C.

Втора по бројот на реализирани рецепти е групата на лекови со дејство на централниот нервен систем АТК групата N, кои исто така имаат значаен пораст на бројот на реализирани рецепти во однос на 2011/2010 година за 7% а во период 2011-2012 година има зголемување за 9%. Пропорционално на тоа се зголемени и вкупните износи издвоени за овие лекови за 11% во периодот 2010-2011 година и дури 17% зголемување на вкупните износи во 2012 година во споредба со 2011 година.

На трето место според бројот на реализирани рецепти се лековите од АТК групата А - лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот.

За АТК групата J за разлика од 2011 година, како и во однос на претходните години кога лековите од групата J - антиинфективни лекови за системска употреба беа на третото место според бројот на издадени лекови на рецепт, во 2012 година бројот на реализирани рецепти за оваа група на лекови е намалена за 5 % во однос на предходната 2011 година, со што овие лекови во 2012 година се на четврто место според потрошувачката.

Најголеми износи во годините station наназад се издвојувани за лекови од АТК групите: C, J и N (Графикон 4).

Особено карактеристично е тоа што кај лековите од АТК групата L (антинеопластични и имуномодулаторни лекови), се забележува намалување на вкупниот издвоен износ за околу 20,5%, при истовремено зголемување за околу 4% на бројот на реализирани рецепти за лекови од оваа група. Ова се должи на усогласувањето на референтните цени на лекови и од оваа група, особено заради намалувањето на референтната цена за лекот со

генеричко име Mycophenolic acid во форма таблети со јачина од 250 мг и 500 мг, за кој лек во 2011 година извршено е намалување на референтната цена што се должи на конкуренцијата овозможена со воведувањето на нов готов лек од оваа генерика на пазарот во РМ од втор производител. Референтната цена на овој лек по генеричко име со определена форма и јачина е намалена за околу 79% во однос на цената која важела во 2008 година, а лекот и понатаму за осигурениците се обезбедува без доплата (Табела 3 и Графикон 5).

**Табела 3. Движење на референтната цена за лекот Mycophenolic acid, 2008 – 2012 година**

| Година | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Mycophenolic acid Caps. 100*250mg** | 8.064,90 | 8.064,90 | 7.463,00 | 4.762,00 | 2.400,00 | 1.680,00 |
| **Mycophenolic acid Caps. 50*500mg** | 8.064,90 | 8.064,90 | 7.463,00 | 4.762,00 | 2.400,00 | 1.680,00 |
| | **100,00%** | **100,00%** | **92,54%** | **59,05%** | **29,76%** | **20,83%** |

Напомена: Цените се во денари без ДДВ

**Графикон 5. Намалување на референтната цена на лекот Mycophenolic acid (%), 2008-2012 година**




## 1.1. Потрошувачка на лекови во примарната здравствена заштита во 2012 година

### 1.1.1. Потрошувачка по број на рецепти и вкупни износи во 2012 година

Во 2012 година обезбедувањето на осигурениците со лекови од Листата на лекови на товар на Фондот во примарна здравствена заштита се вршеше преку 743 аптеки во првиот, 730 во вториот, 720 во третиот и четвртиот квартал со кои Фондот има склучено Договор. Во овој период, на листата на лекови се наоѓаат околу 377 лекови со генеричко име односно околу 938 лекови со заштитено име кои се издаваат во ПЗУ аптеки, наменети за примарна здравствена заштита. Во 2012 година вкупно се реализирани 17.485.146 рецепти со вкупен износ од 1.993.189.875,07 денари. Во Табела 4 е даден бројот на издадени лекови и исплатени износи по подрачни служби на Фондот, број на ДДД (дефинирана дневна доза на лек) на 1000 осигуреници по ден и број на рецепти по осигуреник.

**Табела 4. Потрошувачка на лекови во ПЗЗ по Подрачни служби на ФЗОМ, 2012 година**

| Реден број | ФЗО Подрачна служба | Вкупен број на рецепти | Вкупен број на пакувања | DDD/ 1000 осиг./ ден | Вкупен износ (денари) | Број на осигуреници (октомври 2012) | Просечен број на рецепти по осигуреник | Просечен износ на лекови на рецепт по осигуреник (денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Берово | 251.700 | 251.274 | 805 | 21.813.317,63 | 14.822 | 17 | 1.472 |
| 2 | Битола | 1.115.673 | 1.115.255 | 544 | 111.941.149,88 | 91.804 | 12 | 1.219 |
| 3 | Брод | 55.703 | 55.525 | 356 | 5.178.175,95 | 7.222 | 8 | 717 |
| 4 | Валандово | 106.437 | 106.436 | 523 | 10.878.462,83 | 9.703 | 11 | 1.121 |
| 5 | Виница | 179.304 | 179.212 | 604 | 17.427.376,97 | 14.906 | 12 | 1.169 |
| 6 | Гевгелија | 396.065 | 395.874 | 647 | 39.230.399,58 | 29.420 | 13 | 1.333 |
| 7 | Гостивар | 544.809 | 543.798 | 343 | 68.701.321,39 | 76.270 | 7 | 901 |
| 8 | Дебар | 168.316 | 167.140 | 416 | 19.245.676,27 | 18.152 | 9 | 1.060 |
| 9 | Делчево | 287.242 | 286.948 | 653 | 27.117.904,44 | 19.920 | 14 | 1.361 |
| 10 | Демир Хисар | 88.456 | 88.364 | 575 | 7.819.185,21 | 7.052 | 13 | 1.109 |
| 11 | Кавадарци | 445.705 | 445.181 | 613 | 54.646.544,38 | 38.408 | 12 | 1.423 |
| 12 | Кичево | 481.636 | 481.480 | 606 | 49.540.003,13 | 38.717 | 12 | 1.280 |
| 13 | Кочани | 474.902 | 474.725 | 628 | 48.766.154,75 | 37.951 | 13 | 1.285 |
| 14 | Кратово | 84.441 | 84.405 | 586 | 8.737.055,89 | 7.036 | 12 | 1.242 |
| 15 | Крива Паланка | 182.708 | 182.466 | 494 | 20.550.508,54 | 17.971 | 10 | 1.144 |
| 16 | Крушево | 50.419 | 50.371 | 301 | 5.921.404,89 | 8.256 | 6 | 717 |
| 17 | Куманово | 1.001.119 | 1.000.591 | 427 | 122.341.167,85 | 109.158 | 9 | 1.121 |
| 18 | Неготино | 254.321 | 254.196 | 705 | 22.724.284,80 | 18.464 | 14 | 1.231 |
| 19 | Охрид | 596.570 | 596.464 | 579 | 71.889.268,41 | 53.131 | 11 | 1.353 |
| 20 | Прилеп | 934.862 | 934.529 | 572 | 102.653.302,68 | 82.247 | 11 | 1.248 |
| 21 | Пробиштип | 156.915 | 156.539 | 608 | 15.219.959,69 | 12.013 | 13 | 1.267 |
| 22 | Радовиш | 238.721 | 237.837 | 447 | 25.080.056,83 | 25.575 | 9 | 981 |
| 23 | Ресен | 198.587 | 198.549 | 653 | 21.149.247,58 | 13.964 | 14 | 1.515 |
| 24 | Свети Николе | 125.858 | 125.713 | 365 | 14.995.016,37 | 16.475 | 8 | 910 |
| 25 | Скопје | 5.358.924 | 5.352.608 | 439 | 668.217.709,73 | 585.968 | 9 | 1.140 |
| 26 | Струга | 469.344 | 469.322 | 468 | 54.873.080,62 | 47.802 | 10 | 1.148 |
| 27 | Струмица | 919.993 | 919.714 | 571 | 96.562.707,48 | 80.260 | 11 | 1.203 |
| 28 | Тетово | 1.059.983 | 1.059.754 | 331 | 127.413.196,25 | 146.538 | 7 | 869 |
| 29 | Велес | 700.903 | 699.517 | 594 | 72.637.878,11 | 54.815 | 13 | 1.325 |
| 30 | Штип | 555.530 | 554.882 | 498 | 59.918.356,94 | 50.675 | 11 | 1.182 |
| | **Вкупно** | **17.485.146** | **17.468.670** | **15.949** | **1.993.189.875,07** | **1.734.695** | **Просек 11** | **Просек 1.168** |

Од Табелата 4 се гледа дека најголем број на рецепти се реализирани на територијата на Подрачната служба Скопје со вкупно 5.358.924 рецепти, што изнесува 30,65% од вкупно реализираните рецепти за 2012 година во целата држава, во која исто така е најголемиот дел од износот за лекови на рецепт што изнесува 668.217.709,73 денари или 33,53 % од вкупниот износ на ниво на РМ. Втора Подрачна служба по реализирани рецепти е Битола во која се реализирани вкупно 1.115.673 (6,38%) рецепти а во Подрачна служба Тетово се реализирани вкупно 1.059.983 (6,06%) рецепти за лекови на товар на ФЗОМ во 2012 година. Најмал број на рецепти се реализирале во Подрачна служба Крушево, вкупно 50.419 рецепти односно само 0,29% од вкупно реализираните рецепти за 2012 година.

Во однос на вкупните износи, со кои се опфатени референтната цена на лекот, услугата за аптеката и партиципацијата од осигурениците, веднаш по ФЗО Подрачна служба Скопје, односно втора по вкупен износ за лекови од примарна здравствена заштита е Подрачната служба Тетово во која вкупниот износ за лекови изнесува 127.413.196,25 денари или 6,39% од вкупниот износ на ниво на РМ. Во ФЗО Подрачната служба Куманово вкупниот износ изнесува 122.341.167,85 денари со што оваа Подрачна служба се наоѓа на трето место по износи за лекови на рецепт. Најмалку средства за лекови се издвоени во Подрачна служба Македонски Брод каде се издвоени само 0,26% од вкупниот износ за лекови на товар на ФЗОМ.

За пресметка на потрошувачката на лекови по дневна дефинирана доза (ДДД) по ФЗО ПОдрачни служби (Табела 4) земена е вредноста за број на пакувања во кој соодветно се пресметани и рецептите за лековите кои се делат што се утврдени со Одлука на Управниот одбор на ФЗОМ. Според пресметаните вредности за ДДД на 1000 осигуреници на ден, најголема потрошувачка според ДДД има во Подрачна служба Берово со вкупно 805 ДДД/1000/ден, во Подрачна служба Неготино има 705 ДДД/1000/ден, а во Подрачните служби Делчево и Ресен 653 ДДД/1000/ден. Во Подрачна служба Крушево се искористени најмалку лекови бидејќи ДДД/1000/ден за оваа подрачна служба изнесува 301 единици.

Според бројот на реализирани рецепти по осигуреник по подрачни служби на Фондот (Графикон 6) се гледа дека најмногу рецепти по осигуреник се реализирани во Подрачна служба Берово со просечно 17 рецепти по осигуреник, во Подрачна служба Делчево се реализирани просечно по 14,4 рецепти по осигуреник, додека во Подрачна служба Ресен по осигуреник се реализирани 14,2 рецепти просечно годишно. Најмал број на рецепти по осигуреник се реализирани во Подрачна служба Крушево. На ниво на РМ во 2012 година просечно се реализирани 11 рецепти по осигуреник.

**Графикон 6. Просечен број на реализирани рецепти по осигуреник по Подрачна служба на ФЗОМ**




Според анализата на вкупен просечен износ (Графикон 7) по осигуреник по подрачни служби, најмногу средства за лекови на товар на ФЗОМ во ПЗЗ по осигуреник се потрошени во Подрачна служба Ресен со околу 1.515 денари по осигуреник, во Подрачна служба Берово се одвоени околу 1.472 денари, а во Подрачна служба Кавадарци се одвоени околу 1.423 денари. Просечно најмалку средства по осигуреник за лекови од примарна здравствена заштита се одвоени во Подрачна служба Македонски Брод каде вкупниот износ за лекови е околу 717 денари по осигуреник. На ниво на РМ просечно се издвоени по 1.168 денари по осигуреник за лекови од ПЗЗ.

**Графикон 7. Просечен износ во денари по осигуреник по Подрачна служба на ФЗО, 2012 година**




### 1.1.2. Потрошувачка на лекови на рецепт според АТК ниво во 2012 година

Според АТК на прво ниво (Графикон 8) може да се забележи со најголема потрошувачка се лековите од **АТК** групите: **А** - Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот; **C** - Лекови кои делуваат на срце и крвни садови; **J** - Антиинфективни лекови за системска употреба; **M** - Лекови со дејство на коскено мускулен систем; **N** - Лекови со дејство на ЦНС.

**Графикон 8. Број на реализирани рецепти по АТК прво ниво, за 2012 година**




**Графикон 9. Вкупни износи за лекови по АТК прво ниво, за 2012 година**




Најпотрошувани лекови по сите нивоа на АТК се лековите од С групата (лекови кои делуваат на кардиоваскуларниот систем ) и тоа и по износи и по број на рецепти реализирани во 2012 година (Графикон 8 и 9).

На трето ниво според АТК класификација (Табела 5 и Графикон 10) најпотрошувани лекови по број на рецепти се АЦЕ инхибиторите, по нив се лековите кои делуваат на ЦНС – анксиолитици, а бета блокаторите (АТК код C07A) се наоѓаат на трето место по потрошувачка по број на рецепти.

**Табела 5. Десет најпотрошувани лекови на АТК трето ниво по број на рецепти, 2012 година**

| Ред.бр. | АТК трето ниво групи на лекови | Вкупен број на рецепти | Вкупен износ (денари) |
|---|---|---|---|
| 1 | C09A – АЦЕ инхибитори | 2.467.747 | 74.220.210,00 |
| 2 | N05B – Анксиолитици | 1.667.602 | 67.085.208,00 |
| 3 | C07A – Бета блокатори | 981.216 | 73.661.203,00 |
| 4 | A10B – Антидијабетици | 959.426 | 81.437.091,00 |
| 5 | A02B – Лекови за пептички улцер и болест на есофагеалниот рефлукс | 935.293 | 48.980.588,00 |
| 6 | C04A – Периферни вазодилататори | 909.608 | 73.310.756,00 |
| 7 | M01A – Противвоспалителни и антиревматски лекови, нестероидни | 882.016 | 51.120.971,00 |
| 8 | J01C – Бета лактамски антибактериски лекови, пеницилини | 742.579 | 115.388.942,00 |
| 9 | C10A – Модифицирачки средства за маснотии во крв | 641.676 | 137.450.604,00 |
| 10 | C08C – Селективни калциум блокатори | 586.174 | 23.700.646,00 |
| | **Вкупно** | 10.773.337 | 746.356.219,00 |
| | **Удел во вкупниот број на рецепти за 2012 година (%)** | 61,6% | 37,5% |

**Графикон 10. Топ 10 по број на реализирани рецепти по АТК ниво III, 2012 година**




На трето ниво според АТК класификација (Табела 6 и Графикон 11) најпотрошувани лекови по вкупен износ се други бета лактамски антибактериски лекови, по нив се наоѓаат модифицирачките средства за маснотии во крвта, а на трето место по вкупен износ се наоѓаат бета лактамски антибактериски лекови, пеницилини.

**Табела 6. Десет најпотрошувани лекови на АТК трето ниво по број на рецепти, 2012 година**

| Реден број | АТК трето ниво групи на лекови | | Вкупен износ (денари) |
|---|---|---|---|
| 1 | J01D | Други бета лактамски антибактериски лекови | 156.010.518,43 |
| 2 | C10A | Модифицирачки средства за маснотии во крв | 137.450.604,04 |
| 3 | J01C | Бета лактамски антибактериски лекови, пеницилини | 115.388.942,22 |
| 4 | G04C | Лекови за бенигна хипертрофија на простата | 92.646.767,36 |
| 5 | R03B | Други лекови за обстуркција на дишните патишта | 87.751.787,44 |
| 6 | R03A | Адренергици, инхалации | 82.715.802,46 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **7** | A10B | Антидијабетици | 81.437.090,89 |
| **8** | C09A | АЦЕ инхибитори | 74.220.209,58 |
| **9** | C07A | Бета блокатори | 73.661.202,81 |
| **10** | C04A | Периферни вазодилататори | 73.310.756,43 |
| | | **ВКУПНО** | 974.593.681,66 |
| | | **Удел во вкупниот износ за 2012 година (%)** | **48,9%** |

**Графикон 11. Топ 10 по вкупни износи по АТК ниво III, 2012 година**




Најкористен лек на АТК петто ниво во 2012 година како и во предходните години е лекот „enalapril" со вкупно 1,65 милиони реализирани рецепти, што претставува 7,8% повеќе во однос на 2011 година. Овој лек спаѓа во групата кардиолошки лекови кои делуваат на ренин-ангиотензин системот (Табела 7 и Графикон 12). Други лекови од оваа група во топ десет најпотрошувани лекови влегуваат и Pentoxifylline, Lisinopril и Atorvastatin. Лекот Diazepam од АТК **N** групата се наоѓа на третото место по потрошувачка, а лекот Alprazolam се наоѓа на десетото место. Во првите десет најпотрошувани лекови се вбројуваат и лекоивите Diclofenac, Metformin, Ranitidine и Amoxicillin+clavulanic acid.

**Табела 7. АТК ниво V - Број на реализирани рецепти на 10 најпотрошувани лекови во 2012 година**

| Реден број | АТК ниво V | Генеричко име | Вкупен број на рецепти |
|---|---|---|---|
| **1** | C09AA02 | Enalapril | 1.657.905 |
| **2** | C04AD03 | Pentoxifylline | 909.608 |
| **3** | N05BA01 | Diazepam | 882.013 |
| **4** | C09AA03 | Lisinopril | 809.842 |
| **5** | M01AB05 | Diclofenac | 579.742 |
| **6** | A10BA02 | Metformin | 544.625 |
| **7** | A02BA02 | Ranitidine | 513.672 |
| **8** | C10AA05 | Atorvastatin | 512.725 |
| **9** | J01CR02 | Amoxicillin +clavulanic acid | 481.149 |
| **10** | N05BA12 | Alprazolam | 459.555 |
| | | **ВКУПНО** | **7.350.836** |
| | | **Удел во вкупниот број на рецепти за 2012 година (%)** | **42 %** |

**Графикон 12. АТК ниво V - Топ 10 лекови по број на рецепти во 2012 година**




По АТК петто ниво најмногу средства се издвоени за генеричкиот лек Atorvastatin за кој во 2012 година се издвоени вкупно 119 милиони денари, што претставува 6% од вкупниот износ за лекови и воедно за истиот се бележи пораст на вкупно исплатениот износ од 19% во однос на 2011 година од **C** групата на лекови. Од истата група на лекови во топ десет влегуваат и генеричките лекови Pentoxifylline, Enalapril и Losartan (Табела 8 и Графикон 13). Од групата на антиинфективни лекови најмногу средства се издвоени за антибиотиците Amoxicillin +clavulanic acid и Cefixime. Од лековите наменети за третман на болести на респираторниот систем во топ десет лекови за кои се издвоени најмногу средства влегуваат генеричките лекови Fluticasone и Salmeterol+fluticasone. Во првите десет се наоѓаат и лековите Tamsulosin од групата **G** и Metformin од групата **A**.

**Табела 8. Вкупни износи за 10 најпотрошувани лекови по АТК ниво V, 2012 година**

| Реден број | АТК ниво V | Генеричко име | Вкупен износ |
|---|---|---|---|
| 1 | C10AA05 | Atorvastatin | 119.290.436,42 |
| 2 | J01CR02 | Amoxicillin +clavulanic acid | 79.700.667,86 |
| 3 | C04AD03 | Pentoxifylline | 73.310.756,43 |
| 4 | J01DD08 | Cefixime | 72.654.982,51 |
| 5 | R03BA05 | Fluticasone | 60.028.696,40 |
| 6 | G04CA02 | Tamsulosin | 49.791.448,36 |
| 7 | C09AA02 | Enalapril | 49.735.344,91 |
| 8 | C09CA01 | Losartan | 48.733.557,39 |
| 9 | R03AK06 | Salmeterol, fluticasone | 48.702.712,85 |
| 10 | A10BA02 | Metformin | 42.835.524,29 |
| | | **ВКУПНО** | **644.784.127,42** |
| | | **Удел во вкупниот износ за 2012 година (%)** | **32,35%** |

**Графикон 13. Вкупни износи за 10 најпотрошувани лекови по АТК ниво V, 2012 година**



### 1.1.3. Потрошувачка на Топ - 10 лекови по генерики по ФЗО Подрачни служби во 2012 година

Од Графикон 14 може да се забележи дека бројот на реализирани рецепти на најпотрошуваните десет лека е најголем во ПС Скопје во која се реализирани 31% од вкупниот број на рецепти. Во ПС Битола се реализирани околу 6,5% со што оваа ПС е втора по потрошувачка на топ 10 генерики а трета е ПС Струмица со 5,7% од вкупниот број на рецепти. Најмал број на реализирани рецепти од најпотрошуваните лекови има во ПС Крушево (0,28%). Нај потрошуван лек во 2012 година во најголемиот број на подрачни служби на ФЗО (освен ПС Кочани и ПС Кратово кај кои најпотрошуван лек е генериката Lisinopril) е лекот Enalapril.

**Графикон 14. Број на реализирани рецепти за 10 најпотрошувани лекови по подрачни служби**




И во однос на ДДД/1000/ден најпотрошуван лек е генериката Enalapril, освен во подрачните служби Кочани, Кратово и Пробиштип каде најпотрошуван лек е генериката Lisinopril (графикон 15).

**Графикон 15. Топ- 10 најпотрошувани лекови по ДДД/1000/ден, по ФЗО Подрачни служби 2012 година**



Но, ако во ПС Скопје имаше најголем број на реализирани рецепти за лекот Enalapril, по ДДД на 1000 осигуреници на ден, лекот Enalapril е најпотрошуван е во ПС Берово.

**Графикон 16. Вкупни износи за 10-те најпотрошувани лекови по ФЗО подрачни служби, 2012 година**




Во однос на вкупните износи за најпотрошуваните десет генерики, најмногу средства се одвоени во ПС Скопје околу 35,2%. Во Пдрачната служба Тетово се одвоени 6,1% а во ПС Прилеп 5,7%. Најмал дел од средствата за најпотрошуваните десет генерики се издвоени во ПС Брод (0,2%) (Графикон 16).

## 1.2 Потрошувачка на скапи лекови во примарна здравствена заштита, 2010-2012 година

Во 2010 година донесена е Одлука за утврдување на т.н. скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ, а што се издаваат на рецепт во аптеките надвор од нивниот определени месечен износ (квотите), со што е овозможено непречено снабдување на осигурениците со овие лекови. Потрошувачката на овие лекови во периодот 2010 - 2012 година е прикажана во Табела 9.

**Табела 9: Потрошувачка на скапи лекови за ПЗЗ, 2010-2012 година**

| | 2010 | | 2011 | | 2012 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Генеричко име | Број на рецепти | Вкупен износ | Број на рецепти | Вкупен износ | Број на рецепти | Вкупен износ |
| **Cyproterone** | 4,416 | 11,385,625.38 | 7,025 | 15,284,370.95 | 7.882 | 10,860,042.78 |
| **Mycophenolic acid** | 4,082 | 36,101,381,66 | 3,866 | 22,938,380.38 | 3,826 | 13,441,790.81 |
| **Ciclosporin** | 3,34 | 5,799,501.68 | 3,493 | 5,536,018.97 | 3,762 | 6,231,680.55 |
| **Ribavirin** | 2227 | 22,896,317.70 | 615 | 22,912,751.62 | 558 | 10,824,476.39 |
| **Desmopressin** | 323 | 913,115.85 | 399 | 917,250.62 | 531 | 1,254,787.64 |
| **Lamivudine** | / | / | 238 | 873,479.67 | 940 | 2,777,985.00 |
| **Tacrolimus** | / | / | 35 | 300,775.97 | 145 | 1,253,048.16 |
| **Clodronic acid** | / | / | 35 | 267,679.79 | 365 | 2,760,407.63 |
| **Morphine** | 138 | 150,696.51 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **14,526** | **77,246,639** | **15,706** | **69,030,708** | **18,009** | **49,404,218.96** |

Вкупниот износ за скапите лекови во 2012 година изнесува 49,4 милиони денари, што е околу 2,5% од вкупните средства за лекови на рецепт. Бројот на рецепти за овие лекови во 2012 година е зголемен за околу 15% во однос на 2011 година.

Најголема потрошувачка по број на рецепти од скапите лекови за ПЗЗ во 2012 година има лекот „cyproterone" со 7.882 реализирани рецепти, а додека најголем износ е издвоен за лекот „mycophenolic acid" (13,4 милиони денари или 27,1% од вкупниот износ за скапи лекови).

## 1.3 Лекови за трансплантирани органи, 2010-2012 година

За лековите од АТК групата L- антинеопластични и имуномодулаторни лекови кои се подигнуваат на рецепт на товар на Фондот и за кои осигурениците со трансплантирани органи се ослободени од партиципација согласно Програма на Владата на РМ ( дијагноза Z94 по МКБ-10), резултатите од нивната потрошувачка се дадени во Табела 10.

**Табела 10. Број на рецепти за лекови за трансплантирани органи, 2010-2012 година**

| Генеричко име | Број на рецепти 2010 | Број на рецепти 2011 | Број на рецепти 2012 | Индекс 2010/2011 | Индекс 2011/2012 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ciclosporin** | 2490 | 2787 | 3229 | 1,12 | 1,16 |
| **Mycophenolic acid** | 3106 | 3524 | 3740 | 1,13 | 1,06 |
| **Вкупно** | **5596** | **6311** | **6969** | **1,13** | **1,10** |

Од горната табела се забележува дека постои зголемување на бројот на реализирани рецепти за лекови кои се употребуваат за трансплантирани органи и тоа за 12 % во 2011 година во споредба со 2010 година и 16 % во 2012 година во однос на 2011 година за генериката Ciclosporin. За генериката Mycophenolic acid има зголемување на бројот на реализирани рецепти за 13 односно 6%.

За разлика од бројот на реализирани рецепти, вкупните износи за лекови за трансплантирани органи се намалуваат и тоа во 2011 година во однос на 2010 година за 21 % а во 2012 година во однос на 2011 година за 28 % (Табела 11).Ова е резултат на утврдувањето на референтните цени на лековите, претходно прикажани во овој извештај во Табела 3 и Графикон 5.

Како што е погоре споменато, пациентите со трансплантирани органи се ослободени од партиципација која за овие лекови за 2012 година изнесува 1.775.590,00 денари.

Овие лекови влегуваат во групата на скапи лекови кои се испорачуваат за осигурениците надвор од квотите на аптеките.

Во 2012 година бројот на реализирани рецепти за лекови за трансплантирани органи опфаќаат 0,03% од вкупниот број на реализирани рецепти и 0,91% од вкупните износи за лекови на товар на Фондот во примарна здравствена заштита.

**Табела 11. Вкупни износи за лекови за трансплантирани органи, 2010-2012 година**

| Генеричко име | Вкупен износ 2010 | Вкупен износ 2011 | Вкупен износ 2012 | Пресметана партиципација 2012 | Индекс 2010/2011 | Индекс 2011/2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ciclosporin** | 3.993.267 | 3.979.720,71 | 4.946.484,03 | 661.390,00 | 1,00 | 1,24 |
| **Mycophenolic acid** | 27.666.366 | 21.105.013,43 | 13.215.005,11 | 1.114.200,00 | 0,76 | 0,63 |
| **Вкупно** | **31.659.632,87** | **25.084.734,14** | **18.161.489,14** | **1.775.590,00** | 0,79 | 0,72 |

### 1.4 Анализа на потрошувачката на лекови од АТК група J (антиинфективни лекови), 2008-2012 година

Од сите лекови на позитивната листа, 14% од вкупниот број лекови на Листата отпаѓаат на антимикробни средства. Од нив 54% се наоѓаат на примарната позитивна листа на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување. Во 2012 година лековите од АТК J групата се наоѓаат на четврто место во однос на потрошувачката за разлика од предходната година кога се наоѓале на третото место (Табела 2 и Графикон 3).

Во 2012 година реализирани се вкупно 1.940.130 рецепти за антиинфективни лекови што е за 4,5% помалку во однос на 2011 година кога вкупно биле реализирани 2.032.989 рецепти на товар на Фондот за здравствено осигурување. Во 2012 година издвоени се вкупно 349.353.947,5 денари во однос на 2011 кога изнесувал 366.306.939,98 денари. Намалувањето на износот во 2012 година во однос на 2011 година е околу 4,6% (Табела 2).

Од анализата направена на АТК III ниво за периодот од 2008 -2012 година, најпотрошувани лекови по број на реализирани рецепти се тие од групата на бета лактамски антибиотици, пеницилини и други бета лактамски антибиотици, трети по потрошувачка се лековите од групата на кинолонски антибактериски лекови а лековите од АТК групата J01F се на четврто место по потрошувачка. Сулфонамиди и триметоприм се наоѓаат на петтото место (Графикон 17). Се забележува дека потрошувачката на анитимикробни средства генерално се намалува, освен кај пеницилините каде потрошувачката по број на рецепти се зголемува.

**Графикон 17. Потрошувачка на антиинфективни лекови по број на реализирани рецепти, 2008- 2012 година**




На следниот Графикон 18 прикажана е потрошувачката на антиинфективните лекови за системска употреба на АТК III то ниво по ДДД на 1000 осигуреници на ден за период од 2008 - 2012 година при што се забележува дека во редоследот на најпотрошувани лекови е ист како и во потрошувачката по број на реализирани рецепти.

**Графикон 18. Потрошувачка на антиинфективни лекови за системска употреба до АТК III ниво по ДДД/1000/ден**



Во Графиконот 19 се прикажани најпотрошуваните антиинфективни лекови за системска употреба на АТК петто ниво по ДДД/1000/ден за период од 2008-2012 година, од каде се забележува дека најпотрошуван лек е Amoxicillin + claculanic acid (АТК код J01CR02) кој спаѓа во бета лактамски антибиотици, пеницилини. Во оваа група на лекови спаѓаат Amoxicillin и Benzathine phenoxymethylpenicillin кои се наоѓаат на второ односно петто место на најпотрошувани антиинфективни лекови. Во најпотрошувани антиинфективни лекови влегуваат и групата на други бета-лактамски антибактериски лекови во кои спаѓаат Cefuroxime и Cefalexin (четврто, односно шесто место). Трет по потрошувачка на антиинфективни лекови е Ciprofloxacine од групата на хинолони.

**Графикон 19. Најтрошени антиинфективни лекови за системска употреба по ДДД/1000/ден, 2008-2012 година**




По направени пресметки на потрошувачката на антибиотици изразено во ДДД/1000 осигуреници/годишно, евидентна е разликата во користењето на антибиотици во различни Подрачни служби на ФЗОМ (Графикон 20). Најпотрошувани антиинфективни лекови се беталактамските антибиотици. Од нив најмногу се потрошени во Подрачна служба Пробиштип, а најмалку во Подрачна служба Крушево. Најпотрошуван беталактамски антибиотик е лекот со генеричко име Amoxicillin+claculanic acid (АТК код J01CR02).

**Графикон 20. Потрошувачка на J01C-беталактамски антибиотици, пеницилини (ДДД/1000 осиг./годишно), 2010 – 2012 година**



## ЗАКЛУЧОЦИ

- ✓ Снабдувањето на осигурениците со лекови на рецепт на товар на ФЗОМ е генерално значително подобрено, на што влијаат и референтентните цени на лековите,
- ✓ Зголемувањето на количините на обезбедените лекови и соодветно вкупните износи потрошени за лекови на рецепт на товар на ФЗОМ, бележат значаен пораст во последните три години (2010-2012 година),
- ✓ Потрошувачката на лекови е различна по Подрачни служби на ФЗОМ на што влијаат пропишувачките навики, структурата на населението и други фактори,
- ✓ Следењето и анализите на потрошувачката на лекови на товар на ФЗОМ влијаат за порационалната употреба на лекови, односно треба да обезбедат рационално, ефикасно и наменско користење на расположивите ресурси на ФЗОМ и позадоволни осигуреници.
- ✓ Во таа насока се препорачува да се работи на изготвување на готови електронски прегледи за потрошувачката на лекови по различни параметри, кои понатаму ќе служат за контролни цели на ФЗОМ.

Изготвил: Блерина Туши

Директор на Секторот за фармација,

Кристина Христова